# ГРАФОМЕТРИКС

Година 3, Број 3

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

## ФОКУС

- Македонија е рангирна на 77. место според индексот за транспарентност на буџетот - Open Budget Index во 2015 година. Македонија бележи пад во рангирањето од 68. место во 2012 и 28. место во 2008 година.
- Според податоците на Државниот завод за статистика, стапката на невработеност во вториот квартал од годината е 26.8%. Во споредба со истиот период лани забележува намалување од 1.4 процентни поени.
- Јавниот долг во вториот квартал од годината изнесува 3.923,8 милиони евра или 43.7% од бруто домашниот производ.
- Странските директни инвестиции во првата половина од годината изнесуваат 141.3 милиони долари и бележат намалување од 71.5 милиони долари во споредба со истиот период лани.
- Светската банка проектира раст за Македонската економија во 2015 од 3.5%, што е скоро еднакво на ревидираната проекција на Finance Think од 3.4%. Надолната ревизија главно е резултат на политичката криза во земјата.

THINK TANK FUND
SUPPORTING POLICY RESEARCH

Оваа публикација е произведена со поддршка од Open Society Think Tank Fund (TTF). TTF може да не се согласува или да не ги одобрува мислењата изразени во оваа публикација.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

### Нашата Визија

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

### Нашата Мисија

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси

Ул. Јордан Мијалков 50/3,
1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

# Графикони на месецот за Македонија




*Извор: ПИОМ, пресметка на Finance Think*

Дефицитот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија е во континуиран раст и во 2014 година изнесува 22.915 милиони денари. Поголем раст е забележан од 2006 година наваму, кога е започнат и трансферот кон приватните пензиски фондови. Но, само 20% од вкупниот дефицит се должи на овие расходи. Во 2014, на секои 1,8 осигуреници отпаѓа по еден пензионер. Паралелно со растот на дефицитот во изминатите години, се зголемуваа и пензиите на тековните пензионери, се субвенционираат вработувања, а најавени се и нови мерки за откуп на стаж. Овие мерки ќе го зголемат бројот на пензионери (во иднина) и ќе го продлабочат дефицитот. На среден рок веројатно ќе бидат потребни структурни промени на пензискиот систем за да се обезбеди неговата одржливост.




*Извор: НБРМ, пресметка на Finance Think*

Растот на депозитите на корпоративниот сектор забележа намалување во месец јули и изнесува 11%, наспроти 18% во јуни. Ваквото намалување главно се должи на намалената ликвидност на претпријатијата. Сепак, депозитите на корпоративниот сектор имаат проциклични движења во однос на депозитите на секторот домаќинства, па потребно е да се согледаат неколкумесечни движења за да може да се донесат поконкретни заклучоци. Секторот домаќинства има стапка на раст на депозитите од 6%.

# Графикони на месецот за регионот и Европа




*Извор: World Bank, пресметка на Finance Think*

Странските директни инвестиции достигнуваат и до 10% од БДП во некои земји од регионот. Ова учество е најголемо кај Албанија и Косово, а во Македонија изнесува околу 4% од БДП. Анализирано во апсолутен износ, најголеми приливи од СДИ имаат Србија, Бугарија и Албанија, додека Македонија, Косово и Босна и Херцеговина најмалку.




*Извор: Open Budget Survey, визуелизација на Finance Think*

Според Индексот за транспарентност на буџетот, Бугарија е рангирана на 18. место, највисоко од земјите од регионот, додека Македонија е најниско рангирана, на 77. место во 2015 година. Единствено Србија има подобрување на рангирањето во однос на 2012 година, додека сите останати земји имаат влошување. Македонија е единствена земја од регионот која бележи влошување на рангирањето во континуитет.

# Графикони на месецот за светот

**Цена на нафтата за барел (во долари)**




Цената на суровата нафта се намали до 39 долари за барел. Од 1946 до 2015 година, просечната цена изнесува 40 долари за барел, достигнувајќи највисок износ од 145.31 во јули 2008 година и рекордно ниско ниво од 1,17 долари во февруари 1946 година. Според проекцијата на светскиот макро модел на Trading Economics, се очекува до крајот на овој квартал суровата нафта да се трува по цена од 40.2 долари за барел. На долг рок, се очекува цената да се движи околу 50 долари за барел во 2020 година, 73 долари во 2030 година и 98 долари во 2050 година.

## Инфлацијата се намалува на светско ниво




(a) Sample of 80 countries in 2000, growing to 125 at end-2014.

*Source: Bank of England*

Инфлацијата забележува намалување на светско ниво. 16 од 18 значајни економии имаат раст на цените понизок од таргетот, а дури 11 од нив имаат инфлација под еден процент на годишно ниво. 50% од вкупно 125 анализирани економии имаат раст на цените помеѓу нула и еден процент, а дури 30% забележуваат дефлација во 2015 година.

# Инфографикон на месецот




Вкупниот долг во светот изнесува 59.7 трилиони долари. Овој долг не го вклучува долгот на домаќинствата и компаниите. Но, како е распореден светскиот долг по земји? 29.05% од него им припаѓа на САД. Следна е Јапонија со 19.99%. Турција, Швајцарија, Полска и Русија се земји со најмало учество во светскиот долг (околу 0.5%), како и помеѓу земјите со најмал долг во однос на нивниот БДП. Од друга страна, Европа е континент со најчеста застапеност на земји со висок долг. Седум од петнаесет земји со најголемо учество во светскиот долг потекнуваат од Европа. Грција и Јапонија се земји со најголемо учество на долгот во БДП со над 150%.